NEPTUN

Групацијата БАЛФИН (Балканска финансиска инвестициска групација) е една од најзначајните и најуспешните инвестициски групи во регионот на Западен Балкан. БАЛФИН Групацијата е присутна во Австрија, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора и Холандија, и вработува приближно 6.000 луѓе. Активностите на групацијата БАЛФИН вклучуваат развој и управување со недвижнини, малопродажба, рударска индустрија, банкарство, туризам, енергија, логистика итн. Групацијата БАЛФИН расте стабилно и има позитивно влијание врз заедниците преку економски развој, раст на можностите за вработување, иновација и социјални инвестиции.

## БИДИ ДЕЛ ОД НАШИОТ ТИМ

# ПОЗИЦИЈА: ИТ АСИСТЕНТ

ЛОКАЦИЈА: СКОПЈЕ — АКТИВЕН ДО: 05/12/2021

Нептун Македонија е во потрага по компетентен професионалец од областа на ИТ. Основна одговорност на ИТ Асистентот е обезбедување на поддршка во инсталација и одржување на компјутерската опрема, подршка на инфраструктурата, телефонските и емаил-системите итн. со цел креирање на пријатна работна атмосфера за сите корисници во компанијата и оптимизирање на работата на системот во согласност со техничките стандарди на компанијата. Ќе биде задолжен да детектира и разрешува случаи на дефекти или попречувања (поддршка од прв ред), да ги информира корисниците за статусот на нивните барања упатени до Техничката поддршка на ИТ одделот, да ја набљудува и анализира постоечката инфраструктура на ИТ, да врши мониторинг и одржување на комуникационата мрежа, обезбедува техничка поддршка и учествува во проекти поврзани со модификација и инсталација на програми и опрема. Обезбедува техничка поддршка за персонални компјутери, мобилни уреди и VOIP телефонија. Врши тестирање на нови уреди, софтвер и технологии. Обезбедува поддршка на корисниците на теренски локации.

## Вештини и квалификации:

- Високо образование од областа на ИТ и компјутерска техника ќе се смета за предност
- Најмалку 2 години искуство во областа
- Познавање и искуство со инсталирање и поддршка на Windows оперативни системи
- Познавање од мрежно поврзување и рутирање: LAN, DHCP, DNS, Firewall, VPN
- Искуство со хардвер (инсталација, дијагностика и решавање на проблеми)
- Познавање на VOIP технологија
- Основно познавање на Windows server оперативни системи и Active Directory
- Познавањето на технологиите за виртуелизација (VMware, Hiper-v) ќе се смета за предност
- Одлично познавање на англиски јазик

**Што нудиме?**

- Одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим
- Континуирана обука и можност за напредување
- Работно време од понеделник - петок, од 8-16:00 часот

Доколку сте заинтересирани за работната позиција, а воедно ги поседувате потребните квалификации, ве покануваме да аплицирате преку означеното поле.

ДОЗВОЛИ ТВОЈОТ ПОТЕНЦИЈАЛ ДА БИДЕ ПРЕПОЗНАЕН!

NEPTUN